**З А П И С Н И К**

**Од 43-та редовна седница на Советот на општина Охрид**
**одржана на ден 29.05.2020 година**

Четириесет и третата редовна седница на Советот на општината се одржа преку конференциска врска со употреба на интернет комуникација со почеток во 11:30 часот

На седницата присуствуваа 23 советници, Градоначалникот на општина Охрид д-р Константин Георгиески и претставници на стручните служби во локалната самоуправа и претставници на медиумите.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска – Со оглед дека е присутно мнозинството од вкупниот број членови на Советот, задоволени се законските претпоставки за одржување на седницата.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска отвори расправа за записникот од 42-та седница. Бидејќи никој немаше забелешки, записникот беше ставен на поименично гласање.

Ристо Николески - - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Силјаноски -ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп -ЗА
Марија Попоска -ЗА
Филип Јованоски - ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески -ЗА
Лидија Петкоска -ЗА
Александар Попоски -ЗА
Славица Петровска - ЗА
Џанер Исмаил -
Дејан Шикоски - ЗА
Нефи Усеини - ЗА
Џемал Мена -ЗА

Записникот со поименично гласање се усвои со 22 гласови ЗА.

За работа на 43- та седница на Советот беше предложен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог- Програма за измени на програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2020 година.

2. Предлог- Програма за измени на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2020 година.
3. Предлог- Програма за измени на програмата за за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2020 година.
4. Предлог- Програма за измена на програмата за активностите на општина Охрид во обласа на образованието за 2020 година.
5. Предлог- Програма за измени на програмата за детска заштита за 2020 година.
6. Предлог- Програма за измени на програмата за култура за 2020 година.
7. Предлог- Програма за измени на програмата за спорт и рекреација за 2020 година.
8. Предлог- Програма за измени на програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2020 година.
9. Предлог- Програма за измени на програмата за одржување на јавна чистота за 2020 година.
10. Предлог- Програма за измена на програмата за јавно осветлување за 2020 година
11. Предлог- Програма за измени на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2020 - 2022 година.
12. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС Охрид за 2020 година.
13. Предлог-Одлука за изменување на одлуката за спроведување мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.
14. Предлог- Одлука за давање согласност на општина Охрид за учество во хуманитарната акција од ОО - Црвен крст Охрид.
15. Предлог- Одлука за давање на времено користење на недвижен имот на Црвен крст Охрид.
16. Предлог- Одлука за давање на времено користење на недвижен имот на ЈП „Билјанини Извори" Охрид.
17. Предлог – Годишна програма за измени и дополнување на годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2020 година.
18. Предлог- Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште Кп.бр.1317/2 и 1318/2 КО Пештани.
19. Предлог- Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште Кп.бр.9992/1 КО Охрид 2.
20. Предлог- Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште Кп.бр. 5406/4 и др. КО Охрид 4.
21. Предлог- Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште Кп.бр. 408 и др. и одземање на корисничко право на Кп.бр. 407 и др. сите во КО Велгошти.
22. Предлог- Одлука за утврдување нацрт – детален урбанистички план за УЗ 2, дел од УБ 2.3 – опфат 5, КО Охрид 3 општина Охрид, плански период 2013 – 2023.
23. Предлог- Одлука за давање согласност на одлуката за измена на одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите за паркинг простор што ги врши ЈП Градски Пазар- Охрид.
24. Предлог- Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на утврдените тарифи за водоснабдување за 2019 година за ЈП „ВОДОВОД "- Охрид.

25. Предлог- Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на бизнис планот за водни услуги за ЈП„Нискоградба" –Охрид за период 2021-2023 година.
26. Предлог- Одлука за давање согласност за склучување Договор за физичка делба на имотот стекнат по пат на јавно приватно партнерство-Градски Пазар Охрид.

Градоначалникот на општина Охрид д-р Константин Георгиески – Почитувани, предлагам дополнување на дневниот ред за 43-та седница на Советот со 4 точки и повлекување на една точка.

1. Предлог одлука за утврдување приоритети на проекти за водоснабдување на Охрид и населените места од поранешната општина Косел со вода од изворот Дувло.

   Овој проект е изработен вио општина Охрид пред 7- 8 години и сега има можност да се обезбедат средства за негова реализација, па ние треба формално да донесеме Одлука. Ова е многу добар и битен проект за општина Охрид, со оглед на тоа што би се решило водоснабдување на добар дел од градот. Тој проект би бил околу 5.000.000 евра.

2. Предлог одлука за утврдување на реоните од кои се запишуваат ученици во основните училишта во општина Охрид.

   Ова е реонизација која што согласно закон мора да ја спроведиме
3. Предлог Одлука за давање согласност на општина Охрид за одобрување финансиска помош за имплементација на проект "Квалитетно здравје".

   Ова е проект од невладина организација за мозочен удар. Тие добиле средства од ИПА фонд за набавка на амбулантно возило, помеѓу другите работи. Им недостасуваат финансиски средства за комплесна имплементација на проектот. Потребно е да набават некое амбулантно возило коеоткако ќе се исплати ќе остане во некоја од здравствените установи во Охрид. Ние како општина одевме на тоа да партиципираме со некој дел сега, па воп иднина со некој следен ребаланс да одобриме уште финансиски средства и така да го истераме тој проект со нив.

4. Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за отпис на побарувања.

Од дневен ред се повлекува т.26 - Предлог- Одлука за давање согласност за склучување Договор за физичка делба на имотот стекнат по пат на јавно приватно партнерство-Градски Пазар Охрид.

Оваа точка се повлекува бидејќи вештачењето не ни стигна навремено, за да можеме да го изготвиме Договорот . со оглед на тоа што ова е сериозна тема, сметам дека советниците треба да имаат повеќе време од еден ден. Не можеме ваква точка да им даваме на советниците ден пред седница на Совет да ги имаат материјалите. Затоа ќе ја оставиме за наредна седница. Треба да стигне вештачењето.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска - Констатирам дека од страна на предлагачот, т.26 - Предлог- Одлука за давање согласност за склучување Договор за физичка делба на имотот стекнат по пат на јавно приватно партнерство-Градски Пазар Охрид, е повлечена од дневниот ред..

Советникот Кирил Пецаков – Во однос на т.15 од дневниот ред Предлог- Одлука за давање на времено користење на недвижен имот на Црвен крст Охрид.

Денес ние како Совет треба да донесеме Одлука за да ја префрлиме топката кај Градоначалникот на општина Охрид, и заедно да ги договорат условите и принципите врз основа на кои тој Договор би се склучил. Сметам дека самата постапка не е во ред, затоа што ние како Совет треба да знаеме точно каков е тој Договор, под кои услови и нормално

какви се бенефитите на општината од овој Договор за давање на користење на недвижен имот на Црвен крст. Затоа сметам дека оваа точка треба да се повлече од дневен ред. Без разлика дали на наредната или на било која седница на Совет ќе се постави, би добиле прецизни податоци за какви услови и под кои параметри ќе се даде на користење недвижниот имот.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска – Колку што разбрав, Вие предлагате оваа точка да биде повлечена од дневен ред.

Советникот Кирил Пецаков- Барам повлекување на оваа точка од дневен ред, за да можеме ние како советници да бидеме запознати со параметрите врз основа на кои што понатаму овој Договор би се склучил - колку години, колкава вредност, кои се бенефитите, кои се условите под кои би инвестирал тој што би го закупил тој простор, во случајов Црвен Крст. Како Совет треба да ги знаеме овие параметри, за да можеме да одлучуваме. За мојот предлог за повлекување, треба да се изјасни Градоначалникот како предлагач.

Градоначалникот на општина Охрид д-р Константин Георгиески – Предлогот за повлекување на оваа точка од дневниот ред не се прифаќа.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска – Предлогот за повлекување ќе биде ставен на гласање.

Имаме предлог за дополнување на дневниот ред со 4 нови точки

1.Предлог одлука за утврдување приоритети на проекти за водоснабдување на Охрид и населените места од поранешната општина Косел со вода од изворот Дувло.

2.Предлог одлука за утврдување на реоните од кои се запишуваат ученици во основните училишта во општина Охрид.

3. Предлог Одлука за давање согласност на општина Охрид за одобрување финансиска помош за имплементација на проект “Квалитетно здравје”.

4. Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за отпис на побарувања.

Имаме еден предлог за повлекување на точка од дневен ред. Со оглед на тоа што Градоначалникот не го прифати и остана на ставот оваа точка д а се разгледува, истиот ќе биде ставен на гласање.

Во интерес на времето и рационално одржување на седницата, јас ве молам, како што ќе ве прозивам по име и презиме, така ќе се изјаснувате дали сте ЗА дополнување на дневниот ред со овие 4 точки и дали сте ЗА предлогот на советникот Кирил Пецаков за повлекување на 15-та точка од дневниот ред.

Ристо Николески - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Живка Ангелоска --ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Мишел Силјаноски -ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Сашо Ставрески - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Елеонора Куноска - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Бесим Демиров --ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Џенгиз Реџеп -ЗА дополнување ЗА повлекување
Марија Попоска - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Филип Јованоски -ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Рената Арнаудова - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Ристо Булоски -ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Кирил Пецаков - ЗА дополнување, ЗА повлекување
Гордана Коњановска - ЗА дополнување, ЗА повлекување

Снежана Стефаноска - ЗА дополнување, ЗА повлекување
Илија Арнаудоски -ЗА допол нување, ЗА повлекување
Гоце Георгиески -ЗА дополнување, ЗА повлекување
Лидија Петкоска -ЗА дополнување, ЗА повлекување
Александар Попоски -ЗА дополнување, ЗА повлекување
Славица Петровска -ЗА дополнување,ЗА повлекување
Џанер Исмаил - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Дејан Шикоски -ЗА дополнување,ЗА повлекување
Нефи Усеини - ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување
Џемал Мена -ЗА дополнување, ПРОТИВ повлекување

Предлогот за дополнување на дневен ред со 4 нови точки се усвои со 23 гласови ЗА. Предлогот за повлекување на т.15 од дневен ред со 13 гласови ПРОТИВ и 10 гласови ЗА не беше усвоен. Предлог- Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот на Црвен крст Охрид останува дел од дневниот ред..

Дневниот ред за 43-та седница со измените и дополнувањата беше ставен на поименично гласање.

Ристо Николески - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Силјаноски - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп - ЗА
Марија Попоска -ЗА
Филип Јованоски -ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска -
Александар Попоски -
Славица Петровска -ЗА
Џанер Исмаил -ЗА
Дејан Шикоски -
Нефи Усеини -ЗА
Џемал Мена -ЗА

Дневниот ред за 43-та седница се усвои со 20 гласови ЗА.

ПРВА – ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА

Претседателот на Советот Живка Ангелоска предложи заедничка расправа од т.1 до т.12.. Предлогот беше ставен на поименично гласање.

Ристо Николески - ЗА
Живка Ангелоска -ЗА
Мишел Siljanoski - ЗА
Сашо Ставрески - ЗА
Елеонора Куноска - ЗА
Бесим Демиров - ЗА
Џенгиз Реџеп - ЗА
Марија Попоска -ЗА
Филип Јованоски -ЗА
Рената Арнаудова -ЗА
Ристо Булоски -ЗА
Кирил Пецаков - ЗА
Гордана Коњановска - ЗА
Снежана Стефаноска - ЗА
Илија Арнаудоски - ЗА
Гоце Георгиески - ЗА
Лидија Петкоска - ЗА
Александар Попоски - ЗА
Славица Петровска -ЗА
Џанер Исмаил - ЗА
Дејан Шикоски -ЗА
Нефи Усеини - ЗА
Џемал Мена -

Предлогот за заедничка расправа се усвои со 22 гласови ЗА.

Советничката Лидија Петкоска – Не можам, а да не го искоментирам долгоочекуваниот, а три месеци одложуваниот ребаланс на Буџет. Ребаланс кој требаше да значи некаква помош за граѓаните од кризата, и кој требаше да значи спас за нечиј бизнис, или зачувување на нечие работно место. Разбирам дека во време на кризи како оваа што не снајде, мора да се кратат средства и дека сите по нешто ќе изгубиме, но никако не можам да разберам како е можно Охрид кој живее од туризам, да доживее еден ваков ребаланс, со кој наместо помош за туризмот и локалниот економски развој, се случува кратење на средствата за туризам за цели 3.400.000,оо денари и кратење на средствата за локален економски развој за цели 3.180.000,оо де нари, или вкупно намалување на Буџетот за туризам и локален развој за 6.580.000,оо денари. Ова е крајно несериозно, и послободно би рекла и сосема безгрижно и лицемерно предлагање на кратење на средствата на, за Охрид најзначајната категорија граѓани. Со овој ребаланс ги уништувате туристичките работници, станоиздавачите, хотелиерите, туристичките агенции, туристичките водичи, кои и онака беа покосени од оваа пандемија. Се одложуваат еден куп проекти и манифестации. Во Програмите за туризам и Локален економски развој не е човечки само да се скратат средствата за овие проекти и манифестации, без притоа да се осмислат поинакви прилагодени начини за искористување или пренамена на предвидените средства во поинаква форма, која би значела некаква помош кон наши граѓани. Дополнително, наведеното предвидено намалување на приходите по основ за такси за привремен престој за 400.000,оо денари, јас не можам да го сфатам никако поинаку, освен дека однапред ќе ја прогласиме туристичката сезона во Охрид за пропадната. Зошто тогаш лицемерно се удирате во гради дека ќе го спасувате домашниот туризам? Токму тука и повеќе од јасно се гледа вашата некоординираност и контрадикторност и тука е моментот кога сакам да

посочам кога велам средствата да се искористат во поинаква форма, но се чини дека мојата желба за спас на туризмот во Охрид и Македонија, ме навела да очекувам дека средствата од откажаните проекти и манифестации ќе ги пренамениме, така што ќе им овозможиме на туристичко угостителските работници да застанат на нозе по оваа несреќна криза. Како што сфаќам од предложениот ребаланс, тоа ќе им остане само пуста желба на граѓаните на Охрид, посебно на туристичко угостителските работници. Уште се кратат и средства за домашниот туризам, додека од друга страна пред очите на јавноста тврдите дека туризмот во Охрид и Македонија го гледате во развојот и промо цијата на домашниот туризам и домашните форми на туризам. За жал, во Програмите за туризам и Локален економски развој се крати речиси се. Имаме зголемување само на средствата за субвенционирање на велосипеди, за кои охридската јавност се увери во фактот како функциониртаат владините брзи прсти при доделување на овие средства идентично како што функционираат и брзите прсти при аплицирањето за помошта од сет мерките што Владата наводно транспарентно им ги дава на граѓаните. Исто така, ќе констатирам сосема оправдано, затоа што е очигледно, дека кратење има во Програмите за образование, спорт, култура, противпожарна заштита, а се зголемуваат средствата единствено во програмата за јавно осветлување и уредување на градежно земјиште. Но, ве уверувам дека охриѓани се паметни и знаат дека со нив сакате да си го прикриете тригодишното неработење и затоа сега кога сме во предизборие брзате да им ги исфалтирате и да им ги осветлите улиците, само за да си прикажете некаква си работа. Всушност, тоа граѓаните и го заслужуваат затоа што на крајот на денот се свесни дека тоа се нивни пари. Како и да е, со ваков ребаланс само уште еднаш потврдувате дека во М акедонија и во Охрид имуни на секаков вид пандемија единствено привремените партиски вработувања, патните трошоци јадења и пиења, за кои охриѓани ќе платат фантастични 2.340.000,оо денари.

Советникот Кирил Пецаков – За оваа точка и нормално долгоочекуваниот ребаланс на Буџет со кој што неколку пати и преку медиуми и нормално лично и до Вас и до самата институција Совет реагиравме. Не можам да не забележам дека она што го имавме како побарувања, а беа реални побарувања, врз основа на она што можеме да ги наречеме во едни вакви моменти кога постои пандемија, непродуктивни и непотребни трошоци. Сметавме дека кога ќе дојде ребаланс ќе интервенираме токму во тие ставки, кои што ќе бидат во корист на граѓаните. Меѓутоа, видовме колку од овие средства, или програмите каде што беа привремените вработувања кои на годишно ниво се цели 17.800.000,оо денари. За другите тековни расходи –презентации, конференции и слично 17.000.000,оо денари, купувањето на возила 5.500.000,оо денари. Да ги погледнеме сите овие, станува јасно дека станува збор за огромни средства кои што овој ребаланс би го покриле, бидејќи не можевме да ги добиеме од страна на Владата, како еден вид на помош. Ги гледате ставките од кои што се земени, некои се логични, некои не се логични Од нашите побарувања кои што ги имавме како советничка група, единствено од што се откажавте како општина, е во делот на купувањето на возила од 5.500.000,оо денари. Имавме откажување од платите на функционери, а со Одлука на Уставен суд беа вратени. Од друга страна има многу поголеми расходи во ставка за патни трошоци и други расходи. Во однос на ставката за привремени вработувања дискутиравме и кога не беше пандемијата. Која е потребата од тие привремени вработувања? Ние немаме никаква намера да го поддржиме овој ребаланс во вистинска смисла на зборот. Искрено се надевав дека ставките кои што ќе се намалуваат, ќе бидат токму од она што ние го побаравме, но тоа не се случи, и затоа ние нема да го поддржиме ребалансот.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска – Од надлежните служби ме известија дека во Програмата за спорт и рекреација треба да се направи корекција. Направена е техничка грешка, односно, наместо АКВАТЛОН, треба да стои ХРОНОМЕТАР трка на 5 км, каде што се доделени 100.000,оо денари.

Градоначалникот на општина Охрид д-р Константин Георгиески – Многу зборување, а ништо суштинско некажано, како и секогаш. Слободно можете да не гласате советници Петкоска и Пецаков. Нема да гласате 6.900.000,оо денари за “Абас Емин”, нема да гласате 9.200.000,оо денари за продолжување на реконструкција на Касарна, нема да гласате дополнителни 3.000.000,оо денари за отстранување на бесправни објекти, а толку многу се залагате за заштитување на Охрид и исполнување на препораките на УНЕСКО. Нема да гласате за набавка и  поставување на подземни контејнери и ред други инверстиции кои покрај ваква криза, н ие успеавме со дополнителна алокација на средства во Буџетот да обезбедиме дополнителни 27.000.000,оо денари за капитални инвестиции, покрај 20-те милиони денари кои ги скративме од непродуктивни расходи, како резултат на кризата која што не снајде. Значи, што се однесува до 6.000.000,оо денари од ставката за Локален економски развој и туризам, само 3.500.000,оо денари се од еден  проект којшто беше планиран за субвенционирање на транспортот на нововработени. Тоа е нешто што беше пилот проект, ние бевме први во Европа што сакавме таков проект да направиме, меѓутоа во ваква криза, цениме дека тоа може да почека до подобри времиња. Кратиме физибилити студија за Аквапарк, и такви некакви активности. Што се однесува до привремените вработувања, заради вашите реакции, тие привремени вработувања се планирани, но не се реализирани. Одете сега вие, на луѓето кои се во Центарот за хендикепирани “Зраци”, кои се во општината на платен список со привремени вработувања години наназад, да им кажите зошто не земаат плата овие два месеци. Не се сите тие партиски вработувања, како што сакате да ги прикажите. Тоа се луѓе кои што се ангажирани на разно- разни работни места во општината. Ако се планирани, тоа не значи дека ќе се реализираат. Ќе следи уште еден ребаланс. Тоа што не е реализирано, тогаш ќе биде пренаменето на други ставки. За субвенционирањето за велосипеди, ако секоја година во изминатите години правевте вакви Програми за субвенционирање на велосипеди, немаше сега да има тепачка во еден час цел град да сака да купи велосипед со субвенција. Значи една добра мерка што е направена, можевте да ја поддржите. Вашите дискусии,  нихилистички и негаторски, се добро познати. Ќе заклучиме дека сте против “Абас Емин”, дека сте против отстранување на дивоградби, дека сте против развојот на Охрид.

Советникот Кирил Пецаков – Исто така Градоначалник, ќе забележиме, ако бевте толку отворен кон граѓаните на општина Охрид и ако толку многу го сакавте градов, во однос на привремените вработувања, имавте начин и време да излезите и да кажите – од овие 17.800.000,оо денари, се за Центар Зраци или за незнам каква битна позиција во општина Охрид, која што е патем, превработена. Меѓутоа, тоа не го направивте. Значи сепак нема да се откажите од тоа да бидете партиски поданик или послушник на СДСМ, и во наредниот период ќе продолжите да ги реализирате привремените вработувања од страна на општина Охрид, кои што се дадени по налог на СДСМ, а пак ќе кажам – превработена е општината. Нема да се откажите од патните и дневните расходи кои што се во висина од скоро 2.400.000,оо денари, кои што се исто така, да кажам, битни во ситуацијава, и нема да се откажите од другите тековни расходи за репрезентации, семинари, конференции, кои што во најголем случај во овој период се непотребни средства, освен во делот на туризам. Советничката Лидија сето ова добро го образложи, во висина од 17.000.000,оо денари. Овој ребаланс требаше да претставува суштинско откажување од работи, кои што нема да бидат дел од Буџет, во време кога Македонија и целиот свет е во пандемија. Затоа баравме откажување од тие ставки, а не за да не се реализираат улиците кои што долги години охриѓани ги очекуваат. Дали ние се однесуваме нихилистички, или негаторски или како Вие тоа го замислувате, ќе видиме точно во периодот кога ќе по мине пандемијата. Тоа е тема за на друго место. Ќе видиме како точно ќе продолжи ставката на привремени вработувања, дали ќе се троши или не. Ако продолжи да се троши, ќе видиме нормално на следниот ребаланс на Буџет, да

предложиме други работи и мерки во врска со целата работа. Нашите разговори и нашите мерки и побарувања, повторно ќе кажам – можете да ги наречите како сакате, ама реалноста е дека, во фаза кога многу од работниците во приватниот сектор не добиле било каква субвенција од страна на државата, да не ги спомнам угостителите, туристички водичи и тн. Ние нашиот дел како општина го направивме и се погрижившме, тоа е најмал проблем. Меѓутоа, никаква помош никогаш не добиле. Тековно ќе видиме како ќе се рестартираат тие бизниси и како ќе можат да придонесуваат. Дачи ќе расте бројот на вработени или не. Сега стигнавме да кажиме дека нихилистички било дека ние сме барале да нема привремени вработувања во општина или да одиме да му објасниме на Центарот Зраци, каде што се вработени две или три лица. Одговорете ми Градоначалник – дали Центарот Зраци што го спомнавте, на општината ја чини 18.000.000,оо денари годишно? Јас ќе Ви кажам, да не се мачите – не не чини толку нас како општина. Треба да кажете – до крајот на годината за привремени вработувања се потребни толку и толку средства, за Центарот Зраци, за сите оние работи кои што ги поддржуваме. Без никаков проблем ќе биде сето тоа реализирано.

Градоначалникот на општина Охрид, д-р Константин Георгиески – Тие привремени вработувања се за воспитувачите во градинка. Дел се за во Зраци, дел се за чувари во училиштата кои што ги немаме, а секојдневн о ни се случува кршење на прозорци и инвентар во училишта. Апсолутно не дискутирам повеќе за привремените вработувања. Да Ви кажам дека утре ќе го распишам тендерот за привремени вработувања, кој што досега не го распишав токму од овие причини.
Јас ќе Ве прашам Вас – како вие ќе придонесите и дали ќе се откажите ов вашите паушали? Овие 2.300.000,оо денари што ги кажувате за репрезентации и трошоци, ги кажувате, а не знаете што се. Сите фактури за патронатот на градов, 8- ми декември, стигхнуваат и влегуваат во 2020 година. Половина од овие средства се веќе реализирани. Со тие пари е платен патронатот, за трошоците за сите тие гости што ги примавме од збратимените градови. Од 8.12 до 31.12 не стигнуваат сите тие фактури. Сите влегуваат во нов Буџет и дел се веќе платени и тоа е веќе реализирано. Дали ние ќе имаме в година некои такви настани, мора да остане некој денар, не може се да се скрати во контото. Што се однесува до патни трошоци и репрезентации и сите тие работи, апсолутно дека нема да се реализираат допрва. Ќе ги видиме во ребалансот нареден.

Советникот Кирил Пецаков – Сакам да му одговорам на Градоначалникот, за да не останам должен. Имаше едно прашање во однос на паушалите. За разлика од сите останати функционери во државава, за кои што Уставниот суд ди укина одредбите, за нас не заседаваше и одлуката за нас важеше сеуште. Во текот на вчерашниот ден имаше дозвола повторно да се врши исплата на паушалите. Секако најголем дел од средствата, како што ни доликува, ние како советници соодветно, заедно со оние што им е потребна таква помош ќе ги реализираме и секако тоа ќе биде јавно.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска – Се согласувам и се придружувам во однос на овој Ваш дел. Ќе имаме координација и ќе утврдиме каде ќе ги намениме средствата. Се надевам дека и останатите советници го мислат истото. Нашите паушали ќе бидат наменети во контекст на самата ситуација и не ма да ги земиме.

Претседателот на Советот Живка Ангелоска – Ќе ве замолам како и за претходното гласање, како што ќе бидеме прозивани, да се изјасниме за точките од реден бр.1 до реден бр 12.

Ристо Николески - ЗА – за сите точки
Живка Ангелоска -ЗА – за сите точки
Мишел Силјаноски - ЗА- за сите точки

Сашо Ставрески - ЗА – за сите точки
Елеонора Куноска - ЗА- за сите точки
Бесим Демиров - ЗА – за сите точки
Ценгиз Рецеп - ЗА- за сите точки
Марија Попоска -ЗА- за сите точки
Филип Јованоски -ЗА – за сите точки
Рената Арнаудова -ЗА- за сите точки
Ристо Булоски -ЗА- за сите точки
Кирил Пецаков - ПРОТИВ-сите точки-
Гордана Коњановска - ПРОТИВ – сите точки
Снежана Стефаноска - ПРОТИВ – сите точки
Илија Арнаудоски - ПРОТИВ- за сите точки
Гоце Георгиески - ПРОТИВ –за сите точки
Лидија Петкоска - ПРОТИВ –за сите точки -
Александар Попоски -
Славица Петровска -
Џанер Исмаил -ЗА- за сите точки
Дејан Шикоски -ПРОТИВ -за сите точки
Нефи Усеини - ЗА- за сите точки
Џемал Мена -

Претседателот на Советот Живка Ангелоска констатираше дека по поименичното гласање, точките од реден бр.1 до реден број 12 се усвоени со 13 гласови ЗА и 7 гласови ПРОТИВ.

ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА Предлог-Одлука за изменување на одлуката за спроведување мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

